РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1765/4
30.10.2016 год.
СКОПЈЕ

Во согласност со член 103 став (1) точка а) од Закон за нотаријатот („Сл. весник на РМ" бр. 55/07,86/08, 139/09 и 135/11) и член 23 точка а) од Статутот на Нотарската комора на Република Македонија(во натамошниот текст: Комората) Собранието на Нотарската комора на РМ на седницата одржана во хотел Континентал, Скопје, **на ден 30 октомври 2016 год.**, ја донесе следната

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

## за изменување и дополнување на Статутот на Нотарската комора на Република Македонија, бр. 02-1054/2 од 29.10.2007 год. и 02-499/6 од 22.03.2014 год.

### Член 1

**Во член 31 се додаваат нови ставови кои гласат:**

**Претседателот на Комората може да даде оставка во писмена форма, која надлежниот орган ја констатира без одлагање и без водење расправа.**

**Доколку во последната година од мандатот, претседателот даде писмена оставка или му престане функцијата нотар од било која причина предвидена во Закон за нотаријатот, до избор на нов претседател, функцијата претседател на Комората (вршител на должност), ќе ја врши потпретседателот на Нотарската комора на РМ со подолг стаж како нотар.**

**Одлука за именување на вршител на должноста претседател на Комората ја носи Управниот одбор на Нотарската комора на РМ.**

### Член 2

Со влегувањето во сила на Статутарната одлука се дополнува и изменува Статутот на Нотарската комора на Република Македонија, бр.02-1054/2 од 29.10.2007 год. и бр. 02-499/6 од 22.03.2014 год.

**Член 3**

(1) Статутарната одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави на огласната табла и веб страницата на Комората и во списанието „НОТАРИУС“.

(2) Одлуката за усвојување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Нотарската комора на Република Македонија одделно е составена и е составен дел на Статутот.

**Собрание на Нотарска комора на РМ**
**Потпретседател**
**Зулфикар Сејфулаи**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ